Бр.

**Д О Г О В О Р**
**за отворање на денарска трансакциска сметка**

Склучен на ден ________ меѓу:

1. **Халкбанк АД Скопје**, бул. "Мито Хаџивасилев Јасмин" бб, 1000 Скопје, со ЕМБС 4627148 застапувана од овластени лица ______________ во натамошниот текст: Носител на платен промет),
и
2**. ______________ ул. ___________ бр. ____,** ________, со ЕМБС/ЕМБГ _____________, застапувана од овластени лица ______________ (во натамошниот текст: Учесник во платниот промет),

Член 1

Со овој договор се регулираат меѓусебните права и обврски помеѓу Носителот на платниот промет и Учесникот во платниот промет, како и условите под кои Носителот на платен промет му ја отвара и води трансакциската сметка на Учесникот.

Член 2

Носителот на платен промет и Учесникот на платен промет, се договорија Носителот на платен промет да отвори и води трансакциска сметка на Учесникот во платниот промет со број ________________________ наменета за ______________________________ и да извршува плаќања од истата согласно Законот за платен промет и подзаконската регулатива во Р.Македонија.

Член 3

При склучувањето на овој договор, Учесникот на платниот промет на Носителот на платен промет му ја доставува целокупната потребна документација согласно Упатството за начинот и постапката за отварање и затварање на трансакциска сметка. Носителот на платен промет на Учесникот на платниот промет му издава картичка за идентификација за лицата кои ќе ги доставуваат налозите за плаќање во Носителот на платен промет. Заради заштита на своите интереси, Учесникот на платниот промет е должен да води сметка за начинот на користење на картичката во спротивно Носителот на платен промет не одговара за можните злоупотреби на истата. Учесникот на платниот промет е должен да ја врати картичката при затворање на трансакциската сметка кај Носителот на платен промет.

Член 4

Носителот на платниот промет ќе прима и извршува плаќања на терет на трансакциската сметка на Учесникот на платниот промет, до висина на покритието на трансакциската сметка. Под покритие на трансакциска сметка се подразбира состојбата на трансакциската сметка од претходниот ден зголемена за приливите на сметка во текот на денот и за средствата одобрени врз основ на договор за дозволено негативно салдо на сметката склучен со Носителот на платниот промет, намалено за плаќањата во текот на денот до моментот на утврдување на покритието,

Член 5

Носителот на платен промет се обврзува на Учесникот на платен промет да му обезбеди:

- сигурен и ефикасен начин на плаќање преку трансакциската сметка на Учесникот во платниот промет;
- тајност на податоците за состојбата на трансакциската сметка;
- заштита на податоците за Учесникот на платниот промет;
- навремено известување на Учесникот на платниот промет за состојбата на неговата трансакциска сметка.

Член 6

Учесникот на платниот промет се обврзува платните инструменти, односно медиумот за пренос да ги доставува навреме и уредно пополнети, потпишани од овластено лице согласно пријавата за овластени лица за располагање со средствата на трансакциската сметка, со приложување на картичката за идентификација и да се придржува на терминскиот план за работа на платниот промет на Носителот на платен промет.

Во спротивно одговорноста паѓа на терет на Учесникот на платниот промет.

Член 7

Учесникот на платниот промет со овој договор го овластува носителот на платен промет да ја задолжува неговата трансакциска сметка врз основа на:

- решенија за присилна наплата од сметка (утврдени согласно важечките законски прописи)
- банкарска провизија согласно Одлуката за Тарифата на надоместоци и
- други обврски утврдени со Закон.

Член 8

Носителот на платен промет се обврзува да издава изводи за состојбата на трансакциска сметка на Учесникот на платниот промет, следниот ден од денот на валутата. Учесникот на платниот промет е должен да ја провери точноста на изводот и доколку утврди одредени неправилности должен е да достави приговор во рок од 2 (два) дена од денот на добивањето на изводот. Носителот на платен промет се обврзува да одговори на приговорот во рок од 8 (осум) дена.

Учесникот на платниот промет-правно лице е должен редовно да ги подига изводите од Носителот на платен промет, а Носителот на платен промет е должен да ги сочува, но не подоцна од 3 (три) месеци.

Изводи за состојбата на трансакциска сметка на Учесникот на платниот промет-физичко лице, се издаваат на барање на Учесникот на платниот промет.

Носителот на платен промет го наплатува повторното издавање на изводи согласно својата Одлуката за Тарифата на надоместоци што во моментот на склучување на овој договор изнесува _________.

За начинот на подигање на изводите, Учесникот на платен промет писмено ќе го извеси носителот на платен промет на соодветен формулар издаден од Носителот на платен промет.

Член 9

Учесникот на платниот промет се обврзува за настанатите статусни и други промени писмено да го извести носителот на платен промет најдоцна во рок до 3 (три) дена од денот на настанатите промени. Носителот на платен промет не одговара за евентуалните штети што ќе настанат за Учесникот на платниот промет, заради ненавремено известување за извршените промени.

Член 10

Носителот на платен промет се обврзува на состојбата на трансакциската сметка да пресметува и плаќа камата во висина на каматната стапка утврдена со неговата Одлуката за активни и пасивни каматни стапки што во моментот на склучување на овој договор изнесува _________.

Пресметката на каматата се врши месечно, со примена на конформна метода, а се исплатува во рок до 15 (петнаесет) дена по истекот на месечниот пресметковен период.

Промената на каматната стапка се врши согласно законската регулатива и интерните акти на Носителот на платен промет,

Носителот на платен промет има право еднострано да ги менува каматните стапки и за тоа не е потребна согласност од Учесникот на платниот промет,

Носителот на платен промет го известува Учесникот на платниот промет за промената на каматаните стапки преку објавување на тарифата во просториите на Носителот на платен промет и на WEB страната.

Член 11

Договорените странки взаемно се обврзуваат да ги чуваат како доверливи сите податоци кои произлегуваат со извршување на овој договор.

Учесникот во платен промет изричито е согласен и ја овластува банката, податоците во врска со овој Договор, вклучително и личните податоци, да ги обработува во рамки на банкарското работење како и да ги стави на увид на овластени лица ва банката или на трети лица, во сите случаи предвидени со Законот.

Договорните страни се согласни Банката да ги обработува личните податоци на Учесникот во платен промет за цели на директен маркетинг единствено по добивање на претходна писмена согласност за тоа издадена од Учесникот.

Учесникот во платен промет има право во секое време, без надоместок со писмено барање да ја повлече согласноста за обработка на неговите лични податоци за цели на директен маркетинг.

Член 12

Договорните страни се согласни, доколку во текот на траењето на овој договор, дојде до промена на Тарифта на надоместоци, односно каматните стапки, начинот или роковите на пресметка или исплата на каматата, истите се применуваат по автоматизам.

Член 13

Овој договор се склучува на неопределено време и истиот може да биде раскинат со отказен рок до 30 (триесет) дена или со согласност на двете договорни страни, или врз основа на судско решение или по налог на надлежен орган.

Член 14

Договорот нема да се раскине и трансакциската сметка на Учесникот на платен промет нема да се затвори доколку на истата се евидентирани неизвршени налози и основи за наплата, а кои не се пренесени на правен следбеник, постојат неизмирени обврски спрема Носителот на платен промет, Учесникот на платен промет не ја вратил картичката за идентификација и Носителот на платен промет не пресметал и исплатил камата до денот на затворање на трансакциската сметка.

Член 15

За се што не е предвидено со овој договор важат законските и други прописи, како и Актите на деловната политика на Банката.

Член 16

Во случај на спор по овој договор, странките се обврзуваат да го решат спогодбено, а во случај на неуспех, договараат надлежност на судот во Скопје.

Член 17

Овој договор е составен во 2 (два) истоветни примероци, од кои по 1 (еден) за секоја договорна страна.

| Учесник во платниот промет | Банка |
|---|---|
| ______________________________ | ______________________________ |
| име и презиме | име и презиме |
| ______________________________ | ______________________________ |
| потпис | потпис |